Врз основа на член 20, 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен Весник на РМ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) Друштвото за производство, трговија и услуги САЈА 21 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Друштвото за производство, трговија и услуги САЈА 21 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, на ден 20.06.2017 год достави Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на енергија од обновливи извори до Регулаторна комисија за енергетика на Р. Македонија заведено со број УП1 бр.12-84/17.

**Назив на Барателот:**
Друштвото за производство, трговија и услуги САЈА 21 ДООЕЛ увоз-извоз Велес,
ул. Академик Пенчо Давчев бр. 182, Велес

**Вид на енергетска дејност:**
Производство на електрична енергија

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**
Производството на електрична енергија ќе се врши од фотоволтаична централа на кровот на објектот на КП 15645/2, КО Велес, Општина Велес, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**
Друштвото за производство, трговија и услуги САЈА 21 ДООЕЛ увоз-извоз Велес ќе произведува електрична енергија од фотоволтаична централа на кров, лоцирана на објект на КП15645/2, КО Велес, Општина Велес кој е земен под закуп од Барателот на лиценцата. Производството на електричната енергија преку инверторски систем ќе биде предадена на дистрибутивниот систем. Инсталираната моќност на фотоволтаичната централа ќе биде 8,00 kW.

**Времетраење на лиценцата:**
Барателот бара лиценцата да трае 35 години.

**Рок за доставување на предлози, мислења и сугестии со Барањето за издавање на лиценца:**
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторна комисија за енергетика на РМ мислење и предлози во врска со Барањето во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на Известувањето за Барањето во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторна комисија за енергетика на РМ**
**ул. Македонија бб, палата Лазар Поп Трајков, кат 6, 1000 Скопје, Р. Македонија**

**Друштвото за производство, трговија и**
**услуги САЈА 21 ДООЕЛ увоз-извоз Велес**